Жаклина Михајлова



# ЦУТ

俳句
ХАИКУ

ISBN-13 978-608-65724-0-2

СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ПОЕЗИЈА

Жаклина Михајлова

# ЦУТ

БРАН

Издава: „Бран“ – Струга
Република Македонија
E-mail: ezerostruga@yahoo.com

2014

**Жаклина Михајлова**

# ЦУТ

Двојазично издание

**Издава:** "Бран" – Струга

**За издавачот:** Петко Шипинкаровски

**Технички уредник:** Јове Стојановски „Mac Print & Graphics"

**Рецензенти:** Проф. д-р Христо Петрески
м-р Трајче Кацаров

**Превод од македонски:** Лидија Берберу

**Лектор:** Елена Боцевска

**Покровител:** Ѓорѓи Михајлов - „GMP Consultants" Sydney

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.3-31
Михајлова Жаклина
Цут / Михајлова Жаклина
Скопје

2014. -
ISBN-13 978-608-65724-0-2
COBISS.MK-ID ***

Copyright by:Жаклина Михајлова
www.zaklinamihajlova.com

1.
Вода тече, знај,
во душата живее,
тече, влече сè !

2.
Сонце свети, еј,
во мене е мракот цел,
стои како цар!

3.
Плени недоглед,
природата е своја
царица на свет.

4.
Космосот длаби,
длабоко тежнее црн,
сѐ задиве тој!

5.
Светка и грми,
невремето боботи!
Крик е човечки.

6.
Самобендисан,
жолтиот цвет венеше
- нарцисоидно.

7.
Зелена трева,
постела цела мека
со душа чекана.

8.
Желба живее
животот во облаци.
Со целта напред!

9
Збогум душо, чао,
жолтата пеперутка
лази по мене!

10
Тајна сум жена,
длабоко, во горната
свеж здив да земам!

11
Оган и жар,
пепел сѐ сторија сув.
Глеј, феникс се раѓа!

12
Сите спијат,
само јас на јавето
сонот го вадам!

13
Срцето има
ум сопствен што остава
простор за живот!

14
Земјотрес имаше,
во мене збеснуваше
немирот исто!

15
Срцето е тврд
камен бигорен цело,
тврдо, а боли!

16
Небото е крај
без граници, исткаен
бесконечен мир.

17
На полноќ стравот
иде притаено и
гмечи до бесвест!

18
Како дрво едно
во пустина што стои,
љубовта е ретка.

19
Низ копривите
вистинската љубов врви,
во душата црви!

20
Пирејот има
желба за живот иста
како љубовта!

21
Бегаат на југ
птиците во есента,
победуваат љубов!

22
Љубовта говор
има низ очите две,
природно цари!

23
Громот не слуша -
заповеда тој дрско,
како љубовта!

24
Музиката е
житото на љубовта,
радоста плени!

25
Трепетликите,
треперат вezден тие.
душички исти!

26
Опој мириzлив,
трендафил сум црвен
во жешкото лето.

27
Црвена булка
раскостена умира,
срцето плаче!

28
Океанот е
душата длабока во
табернакул!

29
Свират стреите,
снегот се топи тажно,
нова пролет!

30
Еукалиптус,
икона заштитена
и пак умира.

31
Снегот паѓаше...
**Ѝ** го покри телото.
Бог да ја прости!

32
Талкање слепо
низ маглата густа е
живот без душа!

33
Желчето цело
се повлече во оклоп,
како должник прав!

34
Штркот на гнездо
дошол старо во пролет,
носталгија уби!

35
Кибела* денес
се лути, царството ѝ
го уништивме !

36
Природата е
вечна додека трае,
љубовта исто!

*Кибела - Македонска Божица на природата

37
На ноќта и на
сонот, јавето им е
црно и бело!

38
Виножитото,
како шанса испуштена,
исчезна брзо!

39
Судбината е
карактерот на секој,
шума зелена!

40
Тврдиот камен
е ист инатлив човек,
тешко се крши!

41.
Живеј си чесно,
сончевата светлост
е твојата среќа!

42.
После дождот и
душата мириса на
озон, чистота!

43.
Дождот врнеше,
неговата музика
е моја муза!

44
Порои надвор,
порои креираат,
поплави внатре!

45
Пример за мерак:
после дождот изгреа
златното сонце!

46
Посакуван сон:
како секавицата
да те осветлам!

47
Животот цел е,
само, небитна капка
во океанот.

48
Кревка е надеж,
листот во пролет
приказна листи!

49
Човекот личи
на цветот - гороцвет,
цвета и вене!

50
Најсреќен е тој
што во сонцето вивнал
повеќемина!

51
Паѓаат луѓе,
вртоглаво паѓаат,
ко град од небо!

52
Ко душа во пост
се сонцето и дождот,
дар од небото !

53
Ветер во магла
е достоинството на
човекот денес!

54
Гумно во зима
е душата на човек
без топла љубов!

55
Рана е есен,
сè  е зрело во мене,
во природата.

56
Далги синеат,
звук од искон распрснува
бранувањето!

57
Да ја испијам
раскошта на есента,
да се опијам!

58
Песната на славеј
во ноќта, го буди во
мене славејот!

59
Како кањонот
е длабока лузната
моја од тебе.

60.
По нас – тишина,
таа ја докусури
нашата река.

61
Како невреме –
бесрамно ти украдов
миг за памтење!

62
Кукабарата
вриштеше врз трупот на
еукалиптусот.

63
Кокатуата
тажеа за дрвото
исечено – јад!

64
Ветувањата
твои пропаднаа во
плитка вода, знам!

65
Се буди булка,
срамно изгужвана и
бесрамно црвена!

66
Жал за дрвото,
птиците тажно пејат,
протестираат.

67
Тишината во
океанот шепоти
волшебно, тајност!

68.
Јалнаш се стори
ветрот, џабе дуваше,
немаше луѓе.

69.
Копнежот после
плачење, божилак е,
љубовна сила!

70.
Ако се мажиш
рано, рој мушички ќе
те лазат бедни!

71.
Коњот победи,
луѓето изгубија,
пари или ум?

72
Se* ме следи,
приказната за него
да се кажува!

*Se ( Зевс) - Богот на Боговите во македонската митологија

73
Ерос ме боцнал,
раната крвари без
престан, болно!

74
Истура дожд, со
кофи како да лее,
небото збесна!

75
Патот изграден
од надеж, полесен е
од очајот, тој!

76
После овој рид,
полесно ќе биде, знам,
по него друг е!

77
Во почитта е
клучот за бескрајното
другарство наше.

78
Од гранка на цвет,
се престори во цела
пеперутката.

79
Садат млади дрвја,
твоите бели дробови
ќе дишат чисто!

80
Љубовта е, знај,
ден и ноќ, јаве и сон,
сончогледи верни!

81
Сончогледи сме,
озарени патот го
следиме сончев!

82
Снегови бели
паднале по брегови,
душа чистина!

83
Зимата дише
во врат на наивните,
луѓето мрзнат!

84
Мами сонцето
раскошно златно, лично,
за срце фаќа!

85
Златната есен,
бериќет на нивата
и во душата!

86
Утринска роса,
ранобуден сведок е,
водата твори!

87
Безработник е
пајакот, мрежи плете
цел век за себе!

88
Зад добар коњ
прашината - облак црн
те загушува!

89
Пролетен ветер
нова радост вдахнува
во старото срце!

90
Бела зима е,
бело е послано во
моето тело!

91
Цутот јаболков
е радост за очите,
чувство на доблест!

92
Раната слана
попари сè  живо, знај,
изгор несакан!

93
Мразулци зимски,
висат на стреи и во
душата бодат!

94
Шуми шумата,
шуштат лисја на земја,
човекот врви век!

95
Кенгурски скок во
бездна е печалбата,
одроден човек!

96
Жилав животот,
падови и скокови
има природни!

97
Снегулки бели,
извонредни форми во
здив се губат!

98
Градот во пролет
цветен, раззеленет тој,
од град страда!

99
Патува облак
низ синилото горе,
осамен и тој!

100
Небото е шир,
бескраен и слободен,
за мене туѓ.

101
Бебе во стомак
носи – маж за пример е
морското коњче!

102
Пеперутки во
градите демнат, љубов
ли е или страв?

103
Море сум диво,
тајните на површината
ги вадам скришно.

104
Багремот зелен
исправено стоеше,
шепот од детство.

105
Редици тополи,
стројни линии душа
разнежнуваат!

106
Овде е пролет,
дома есен златна,
во мене болка!

107
Облакот има
памук душа и тело,
чиниш љубов е!

108
Лист по лист паѓа,
есента и во мене
години ништи!

109
Загадување
во нас, во природата,
каде ли нема?

110
Пелинот лек е,
пелинот болест зла е,
ајде разбери!

111
Се тркалам јас
низ времето, времето
низ мене лета!

112
Чекорам нежно
низ облаците везден,
ќе се спуштам ли?

113
Паунот шарен,
рајска птица на земја,
горделив е цар!

114
Дар од небото
се сонцето и дождот
- душата во пост!

115
Земјата дише,
рајска градина цела,
дише ама потешко!

116
Молика

Моли милост
моликата магична,
мила мистерија.

117
Лилипили

Пурпур цвеќе има,
врв на стеблото горе,
душевен восхит!

118
Божилак

Срп или, пак, лак,
божји бои избоени
на божилакот.

119
Вулкан

Избувнува тој
внатре од утробата,
душата гори!

120
Грозје

Божествениот сок
усните ги сладеше,
сочна љубов е !

121
Калинка

Полна е зрнца
црвени, сочни, слатки,
крв здрава прави!

122
Здравје

Сончоглед - здравје
е да си дневно, велат,
сончоглед верен!

123
Роса

Капка по капка
секое утро тајно
ми капи душата!

124
Слана

Раната слана
го изгоре цел родот
на дното мое.

125
Семе

Семето ние
го сееме упорно,
плодот го нема...

126
Палма

Распрсната е
крошната на палмата,
како животот!

127
Лоза 1

Тенок гајтан е
испружен од дамнина,
на него грозје.

128
Лоза 2

Корените ѝ
се далечни, плодот да
ѝ е вечен, мој!

129
Немир

Небото сино
огледано во езеро,
немир е вечен.

130
Врапче

Во раката го
држеше исплашеното
тело, стресено.

131
Есен

Есента ткае
килим од бои разни,
во мене сказни.

132
Итање

На патот славен
чекорам брзо, итро,
времето бега!

**Проф. д-р Христо Петрески**

## Расцутена во сопствениот „ЦУТ“

Хаику поезијата претставува една од врвните уметнички придобивки на јапонското, но и на светското книжевно творештво денес. Како ретко кој друг уметнички жанр, хаику поезијата може да послужи како пример за согледување на генезата од елитноста до масовноста. Како лирска минијатура, хаикуто ги изразува контрастите и нијансите, сликовитоста и мисловноста, реалноста, но и заумноста. Хаику поезијата денес е глобален културен феномен и затоа хаику поезијата станува еден од најдоминантните и најреспектабилните книжевни жанри воопшто во светот.

Само во Јапонија, годишно се создаваат милион хаику творби, а многу повеќе се пишуваат и надвор од границите на земјата на изгрејсонцето. Македонија според рашированоста, и уште повеќе според одомаќеноста на хаикуто, е еден од светските центри. Во македонскиот културен и духовен простор, во последните децении на минатиот век, полека но сигурно започна пробивот и на хаику поезијата. Еден од тие понови автори е и Жаклина Михајлова, која, еве, ни нуди прегратка свои хаику стихови. Во нејзините кратки (хаику) песни проличува нејзиниот светоглед, личните и емотивни сензации, катадневните опсервации, средбите со природата и луѓето, љубовта, поривите, страста...

Уште од насловот „Цут“ Михајлова нѐ наведува креативно и метафорички да размислуваме за концептот на нејзините хаику моменти. Иако ова ѝ е прво хаику дело, Михајлова религиозно се држи кон метриката и основите на овој вид поезија, доловувајќи ги тристишјата интензивно, прецизно, но истовремено и филозофски обмислено. Од/низ секое тристишје таа креира приказна за откровението кое е нераздвоен дел од хаикуто, и е во блиска врска со начинот на кој го гледаме светот. Тоа зависи од новиот начин на нашето забележување, како нешто да гледаме за прв пат, но истовремено и од нашето чувство дека, кога еднаш го имаме видено, знаеме дека ова забележување е вистинито, како за тоа да сме знаеле и претходно, но и дека тоа е така (и ќе биде така) засекогаш. Во „Цут“ поетесата расцутува 132 хаику пораки, низ кои суптилно се снимени и пренесени на хартија пораките меѓу природата и душата на човекот. Поетесата Михајлова убедливо навлегува во хаику светот и мудро ја вади мудроста на површина, како блесок - сведоштво за доживеаниот хаику момент, но и како поука и средство за отварање очи кај читателот.

Интроспекциски раширена помеѓу животот и природата, таа вели:„ Жал за дрвото,/птиците тажно пејат,/протестираат.“, или, пак ќе забележи: „Се тркалам јас/низ времето, времето/низ мене лета!“

Низ нејзините хаику творби провејуваат грст збирни мотиви: љубовни:
„ Како невреме – /бесрамно ти украдов/миг за памтење! “; тажни:„ Порои надвор,/порои креираат,/поплави внатре! “; болни:„ Кенгурски скок во/бездна е печалбата,/одроден човек!“

Хаику поезијата настојува да ја објективизира стварноста и повеќе ја набљудува однадвор, отколку одвнатре, што е видливо во секој хаику здив кај Михајлова. Затоа, на поетесата Жаклина Михајлова и посакуваме добредојде во светот на хаикуто, а вам, на читателите, топло Ви ја препорачуваме оваа поетска книга.

**м-р Трајче Кацаров**

## ВО ФОРМАТА, ДУХОТ

(Кон најновата поетска збирка „Цут“на Жаклина Михајлова)
На софра се. Насобрани од сите профили. Некои меѓу себе се знаат. Некои се гледаат за прв пат. Но, на софра се, пијат, се веселат, патем и зборуваат на теми што самите ќе си ги зададат. А темите не бегаат од животот, од сè она што го чинат. Но, софрата треба некој да ја отвори, односно да ја благослави, барем така е во нашата христијанска религија. Честопати тоа го чини најстариот, но не ретко и оној на кого поради одредени заслуги му е дадена таква чест. Станува тој, ја крева чашата и во име на сите присутни благословува, односно го означува почетокот на крмењето, простете на гоштевањето. Ете така некако би можел да се опише настанот од фрагментот што го прочитав од делото „Гозба“ на германскиот писател и филозоф Ернст Јирген. Но, ова мое прераскажување на фрагментот од делото на Јирген би било безначајно ако не кажам дека она што кај мене остави, мислам дека ќе биде траен впечаток е разговорот на насобраните на софрата. Почетната тема е за виното. Понатаму се редат разговорите за уметноста, за теоријата и инстинктот и нивното влијание на создавањето на уметничкото дело. Но, и ние да почнеме од виното. Во делото Јирген пишува: „Задачата да ја отвори гозбата му припадна на Ортнер. Тој пристапи на масата на која се сјаеше виното наточено во стаклен бокал и прв го вкуси...Прво ќе испиеме заедно три чаши според правилата, потоа можеме да зборуваме за сè освен за политиката.“ Ете така почнала гозбата на која додека ги држеле високо подигнатите чаши можело да се слушнат изјави од типот: „Виното лебди како да е наточено во нешто невидливо и како невидливо да го држи во чиста есенција, во чиста форма. Чашата е тело, а нејзината содржина е духот.“
Дигајќи здравици едни кон други разговорот не одел подалеку од уметноста, па едни на други кажувале дека: „Нема уметност без календар.“ Или дека теоријата за уметноста и инстинктот делуваат на делото како граматичките исправности и поетските убавини во апсолутната реченица, односно дека уметноста, односно правењето уметничко дело е примитивен чин и дека потсетува на трансфузија на крв. Но, она со што сакам да го завршам ова мое извлекување на фрагменти од текстот на делото „Гозба“ е синтагмата: „Мајсторското дело настанува кога безвременото ќе го исполни епохалното, како ова вино во чашата.“
И сега читателот со право може да се праша зошто во рецензијата на еден поетски ракопис поаѓаме од виното и реченото за време на гоштевањето на добро приготвената софра. Бидејќи се држам до ставот дека поезијата е: - примитивен чин и дека не е ништо друго освен трансфузија на крв. Колку е таа теорија, пракса, толку

е и инстинкт. Едното не може без другото. Гозбата, седењето и гоштевањето на софрата е исто така пракса и инстинкт. Животот не е ништо друго освен присуство на гозба, седење околу софрата на која можат да се видат многу нешта што треба да ја задоволат нашата природна глад, а и онаа што се јавува како плод на социјалното живеење, односно на цивилизациските придобивки.
За мене, стихот, песната е стаклената чаша во која се истура духот, вечното. Во неа речта, содржината како да лебди, како да се спротивставува на сите сили на гравитацијата, како да сака да каже, еве јас сум таа што можам да го победам просторот, но и времето. Токму поради таквата улога на стихот, односно песната некои се фаќаат за различни форми. Повторно ќе се навратам на делото „Гозба“. Во него еден од пијачите на вино посакал истото да му се наточи во земјена чаша. Изговорот му бил, сакам да го наточам виното и да го пијам во чаша што е направена од земја затоа што ние луѓето од земјата се раѓаме и во неа се враќаме. Ете неретко и луѓето кои ја практикуваат поетската реч бираат различни форми. Некои ја налеваат во сонети, некои во балади, некои во поеми, некои пак во хаику. Нашата поетеса Жаклина Михајлова за форма на духовната содржина ја избрала хаику формата.
Ја крева хаику песната високо и наздравува не со нејзината боја, ниту пак со нејзината форма, туку со духот во неа. Наздравува гласно изговарајќи:„ Сите спијат/ само јас на јавето/ сонот го вадам“ ...„Земјотрес имаше/ во мене збеснуваше/ немирот исто“... „Како дрво едно/ во пустина што стои/ љубовта е ретка“...
„Низ копривите/ вистинска љубов врви/ во душата црви“...„Свират стреите/ снегот се топи тажно/нова пролет“...„ Рана есен/ се е зрело во мене/во природата“...„Снегови бели/паднале по брегови/ душа чистина“...„ Лист по лист паѓа/ есента и во мене/ години ништи“. „ВУЛКАН/Избувнува тој/ внатре во утробата/ душата гори“... ЛОЗА /Корените ѝ/ се далечни, плодот да/ ѝ е вечен, мој“
И ете, со наведените песни даваме прилог во разјаснувањето на нашиот став дека поезијата не доаѓа без инстинктот, душата, духот како и без чашата, формата или ако сакате теоријата. Нашата поетеса и самата напишала дека е океан, вулкан. Има таа немир и оган во утробата, но и сила и храброст тоа да и го подаде наочиглед на светот, односно да побара сведоци за нејзиниот духовен чин, односно да почне безвремeното да го осмислува во епохалното. Ете, таа со оваа стихозбирка се претставува како зборовен сладокусец, и поетската реч, стихот ги става во форма која надалеку ја прикажува нивната есенцијалност. Затоа за поетската книга „Цут“ на Жаклина Михајлова ќе кажам дека е плод на цврста, здрава и огнена реч. Божји пијалок е таа, на која чашата и е попатна форма, односно нешто што не оди со неа во безвремението.

## Белешка за авторот

Жаклина Михајлова е родена на 10 март 1964 година во Кочани, Македонија. Во Сиднеј живее и работи од 1990 година. Во 1984 година, завршила Педагошка академија во Скопје, а во 1986 година завршила Филолошки факултет – група „Национална литература и македонски јазик”, на Универзитетот „Кирил и Методи”. Од најраната детска возраст се занимава со литература и култура. Била член на Детската радио драма, при Националното македонско радио, а глумела детски улоги во повеќе радио драми и телевизиски серии. Работела како новинар и водител во Македонската телевизија, како професор по македонски јазик во гимназијата „Раде Јовчески – Корчагин” во Скопје, како дописник на повеќе весници и списанија низ светот, како уредник и водител на Македонските радио програми „Македонски бисери” во Волонгонг и „Македонски глас” во Сиднеј. Денеска таа работи како учителка по македонски јазик во редовното Основно училиште во Калтон – Сиднеј.
Жаклина Михајлова е еден од основоположниците и уредниците на Македонскиот телефонски именик за НЈВ и Канбера - најтиражната публикација на македонски јазик печатена надвор од Македонија.
Таа е активист и хуманист, промотор на македонскиот јазик и македонската култура и доброволно работи на организирање и креирање на Манифестации кои го поттикнуваат зачувувањето на македонската култура и традиции. Таа е иницијатор и повеќе од 20 години организатор на Македонскиот бал за бизнисмени и професионалци во Австралија, а била организатор и на повеќе аматерски музички фестивали во Австралија, како и на два детски музички фестивали во Сиднеј: „Македонче” и „Златно славејче”.
Објавувала поезија и проза во најразлични литературни списанија и весници ширум светот. Досега ги има објавено збирката поезија „Од по жица”, збирката хаику поезија со наслов „Двојник”, како и сликовницата за деца „Патувањето на Дедо Мраз”. Жаклина е член на Друштвото на писателите на Македонија и член на Друштвото на новинарите на Македонија. Таа е Претседател на Македонскиот просветно училишен одбор на Нов Јужен Велс, член на Координативното тело на федерацијата за јазици на заедницата во Нов Јужен Велс, член на Асоцијацијата за модерни јазици на НЈВ, член во Македонското литературно друштво „Григор Прличев” од Сиднеј, член е во Австралиско – Македонскиот театар во Сиднеј, а членува и во повеќе добротворни организации.

